


Почитувани пријатели и соработници,

на 2 јули, **задругите ширум светот ќе го прослават 100-тиот Меѓународен ден на задругите** (#CoopsDay). ЗГ ЦеПроСАРД има долгогодишна традиција на поддршка на задругите и задругарството во Македонија. Во пресрет на овој значаен ден, се осврнуваме на активностите и поддршката од страна на ЦеПроСАРД за задругите и нивното зајакнување кои датираат уште од 2012 година, со организирањето на состанокот на кој земјоделските задруги ги поставија темелите на Македонската асоцијација на земјоделски задруги (МАЗЗ). Преку оваа организација им се овозможии на задругите да настапуваат заеднички и полесно да се справуваат со актуелните проблеми. Потоа следеше соработка со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со поддршка во едукација за менаџери на земјоделски задруги, а за прв пат во нашата земја, а под покровителство на Меѓународната Алијанса на Задруги (ICA), направивме превод на „Планот за декада на задругите” за декадата 2011-2020 година. Целта на овој план беше да се промовираат задругите и задругарскиот начин на водење на бизнис и до 2020 година задругите да станат признаени лидери во економската, социјалната сфера и промотори на одржливоста на животната средина.

Стогодишнината која се прославува на 2 јули оваа година е особено значаен јубилеј на Меѓународниот ден на кооперативите, бидејќи ни дава можност да согледаме што сé направиле задругите и во подобри, но и во понеповолни општествени околности и уште повеќе да се увериме дека овој модел базиран на вредности заснован на взаемна соработка, продолжува да привлекува сé повеќе внимание и поддршка на глобално ниво.

Денес нашиот тим продолжува да го поддржува задругарството не само во областа на земјоделството, туку и во други и особено ги зајакнува активностите за промоција на енергетски задруги. Една деценија по Меѓународната година на задруги на ОН, продолжуваме да ја градиме идејата, која го покажа уникатниот придонес на задругите да го направат светот подобро место, овогодинешниот слоган #CoopsDay - **„Задругите градат подобар свет“.**

Во продолжение, прочитајте повеќе за активностите на нашата организација во изминатите три месеци.

**Проект *"Заедно за повеќе можности и поддршка"* - ТИМОР**

Во последното тримесечје, проектниот тим на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка-ТИМОР“, континуирано работеше на повеќе сегменти од проектните активности.

Активно извршувавме теренски посети со цел следење на реконструкцијата и адаптацијата на 4 нови станбени единици кои се во подготовка, но исто така го следевме и процесот на адаптација на корисниците во веќе отворените 4 станбени единици во Демир Капија, Неготино и Велес.

Чест ни е да споделиме дека во овој период, по финално опремување, набавка на потребната опрема и адаптација на домовите согласно потребите на корисниците од СЗДК, **отворивме уште една станбена единица за живеење со поддршка во Демир Капија** во која се преселија уште 5 лица со попреченост од Специјалниот Завод Демир Капија. Во финална фаза е уште една станбена единица за поддржано живеење, во општина Градско чиј давател на услуга е Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес.

Во тек е подготовка на последните 20 корисници од Специјалниот Завод Демир Капија за процесот на деинституционализација предвидени во рамки на проектот од страна на Македонското Монтесори Здружение, како и изготвување на персонални планови и документација за истите.

Во текот на месец мај ја продолживме активноста обезбедување на иновативни социјални услуги во заедницата за чие спроведување по наше побарување, добивме донација на семенски материјал и цветни растенија од бројни гарден центри. Истите беа однесени во станбените единици во Демир Капија за **отпочнување на хортикултурната терапија.** Во рамките на оваа активност ангажирани се двајца консултанти – земјоделски експерт и окупационен терапевт кои имаат за цел изработат Водич за градење на вештини за спроведување на услуги за хортикултурна терапија, како и организирање на еднодневна обука за лица кои ќе обезбедуваат услуги за рехабилитација преку хортикултурна терапија по завршување на активноста.

На 30.05.2022 во просториите на Специјалниот Завод Демир Капија го одржавме и **7-миот состанок на Конзорциум** на проектот ТИМОР. На состанокот беа презентирани веќе имплементираните активности во последните 6 месеци, со акцент за побрзо и поефективно отворање на новите станбени единици за живеење со поддршка, соработка со Специјалниот Завод Демир Капија во подготовката на последните 20 корисници за процесот на деинституционализација, како и изборот и стручноста на кадарот ангажиран при малите групни домови.

Во тек е и **подготовка на публикација – Монографија** “Заедно за повеќе можности и поддршка” за чија успешна изработка, еден од ангажираните консултанти за изработка на истата, професор Д-р Наташа Станојковска Трајковска заедно со проектниот менаџер на проктот ТИМОР, изврши теренска посета на корисниците во Специјалниот Завод Демир Капија и на корисниците во веќе отворените станбени единици во Демир Капија, Неготино и Велес. Монографијата како публикација се подготвува со цел да придонесе за успешно спроведување на процесот на деинституционализација и споделување на позитивно искуство за успешно преселување на лицата со попреченост во заедницата. При посетата беа одржани работни средби со претставници на давателот на социјална услуга СЗ Демир Капија (СЗДК) и Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености Велес од Велес (ЗЛЦПДП) од Велес.





*Проектот се спроведува во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.*

Проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР" е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведува од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

- Специјален Завод "Демир Капија";
- Општина Демир Капија и
- Фондација Лоза од Шведска
- Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија

## Проект *„Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – Не оставај никој зад себе"*

Во второто тромесечие од проектот Проектниот тим веќе пристапи кон конкретни активности од проектот за успешно извршување на поставените задачи.

Беа одржани состаноци со претставници на повеќе институции и организации на кои беа **потпишани меморандуми за соработка** со цел вмрежување и взаемна поддршка помеѓу социјалните претпријатија, бизнис секторот, локалната самоуправа, национални институции и здруженија на граѓани во нивните простории.

Проектниот тим одржа и работен состанок со тимот од проектот „Проект за поддршка на социјалните претпријатија" и претставници на повеќе институции и експерти со цел да се развие соработка и синергија со институциите и проектите, како и да се разгледаат активностите, да се усогласат проектите за да се избегне

Во Центарот за поддршка на социјалните претпријатија во месец мај беше одржан настанот - **тркалезна маса** со тематика "Предизвици и можности за развој на социјалната економија во Република Северна Македонија" како дел од проектните активности кои имаат за цел да ги поддржат социјалните претпријатија и да изнајдат решенија за задоволување на нивните потреби, зголемување на нивниот оперативен капацитет, одржливост, пристап до пазарите и зелената економија, притоа поддржувајќи го зголемувањето на вработувањето на ранливите групи на луѓе, со што ќе придонесе за нивната социјална и професионална реинтеграција.

Во овој временски период проектниот тим подготви и објави **отворен Повик за доделување грантови** за поддршка за развој на нови и постојни социјални претпријатија, чија цел е да поддржи ентитети кои делуваат на претприемачки начин, создават иновативни и

Subscribe | Past Issues

општеството и за сите засегнати страни.

Проектот е финансиран од Европската Унија во времетраење од 18 месеци.





**Проект *„Зелена Топлина“ (Green Heat)* во партнерство со Општина Радовиш**

Проектниот тим на „Зелена топлина“ составен од членови на ЦепроСАРд и општинската администрација од Радовиш, во соработка со стручен тим од инженери од разни технички профили од компанијата Глобал инженеринг од Битола (машинска, градежна струка, електротехничка, архитектура и сообраќај) интензивно работи на адаптација на техничкото решение за новиот систем за греење кој ќе се воведе во пет јавни објекти во Општината Радовиш.




Со новиот систем, една градинка, основно и средно училиште, спортската сала и општинската зграда, ќе добијат нов, енергетски ефикасен систем за греење, базиран на обновливи извори на енергија кој ќе биде ориентиран кон потрошувачите и кој ќе донесе значајни еколошки, економски и социјални придобивки за граѓаните.

Имајќи ги предвид секојдневно актуелните светски климатски и енергетски предизвици, овој проект ќе придонесе за постигнување на националните но и глобалните напори за намалување на јаглеродните емисии, ќе претставува пример и ќе охрабри понатамошна репликација на моделот и ќе ја зацврсти позицијата на Општината Радовиш како промотор на здрава и чиста животна средина за населението.

решенија за локалните проблеми во општините, истовремено зајакнувајќи го нивниот капацитет да се справат со нивните надлежности, да ги копираат и приспособат најдобрите практични решенија од локалните власти во земјите-членки на ЕУ, како и да ја подобруват вклученоста на локалните чинители во решавањето на проблемите.

### Почеток на нов проект - *Градење на вештини за имплементација на социјални услуги за живеење со поддршка во заедницата*

На почетокот на месец мај, започнавме со имплементирање на проектот "Градење на вештини за имплементација на социјални услуги за живеење со поддршка во заедницата", финансиран од Градот Скопје.

Проектот има за цел да изврши едукација на најмалку 20 асистенти за живеење со поддршка во заедницата за лицата со попреченост на територија на Град Скопје преку имплементирање на Социјална Програма која вклучува теоретски и практичен дел. За пријавување ќе имаат еднаква можност и мажи и жени, пред се долгорочно невработени лица, жените во ризик и младите лица. Преку реализирање на активностите воедно ќе ја подигнеме јавната свест за важноста на еднакво искористување на човековите ресурси преку еднакви можности за вклучување на жените и мажите и можност за нивно вработување во станбените единици за живеење со поддршка за лицата со попреченост преку подобрување на нивното знаење и вештини, наведено во стратегијата за родова еднаквост на Град Скопје.

Со цел успешно реализирање на овие обуки проектниот тим одржа работен состанок со претставници на Македонското Монтесори Здружение кои имаат долгогодишно искуство во едукација на асистенти за живеење со поддршка во заедницата за лица со попреченост и потпиша договори за нивно ангажирање како обучувачи во теротескиот дел на обуките. Како дел од реализираните активности се работни средби насочени кон формирање на Насочвачкиот Комитет на проектот чија задача е од советодавен карактер со цел успешно формирање на две групи учесници.

Проектот е финансиран од Град Скопје. Период на имплементација мај 2022 - октомври 2022

### Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЗГ ЦеПроСАРД

- На 02 и 03 јуни проектниот асистент и проектниот координатор на проектот Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР; беа дел од дводневни обуки како дел од Националната Платформа за женско претприемништво наменети за зајакнување на капацитетите на претставници од граѓански организации за застапување и политики. Модулите беа наменети кон придонес за анализа на јавни документи неопходни во процесот на застапување и креирање на јавни политики, изработка конкретен концепт и акциски план за водење на процес на истражување засновано на факти а во насока на застапување и креирање на политики во функција на поддржување на женското претприемништво, како и избирање соодветни алатки и методи за водење на истражување засновано на факти, како и организирање на настани и интернет активизам. Проектниот тим на ТИМОР ги зајакна капацитетите во рамки на јакнење на организацискиот менаџмент во рамките на организацијата, изработка на акциски план за вмрежување и креирање на политики во функција на поддржување на женското претприемништво, како и избор на соодветни алатки и методи за

- Проектниот асистент на проектот "Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе" беше дел од жири комисијата на натпреварот за Претприемнички Вештини организиран од страна на Junior Achievement Macedonia на 20 и 21 јуни, каде се натреварувaa млади од средните училишта од територијата на целата земја кои изработија проектни насочени кон климатските проемни и важноста на зелениот бизнис, преточувајќи ги во иновативни решенија и бизнис идеи.





---

*Copyright © 2022 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.

This email was sent to <<Email Address>>
*why did I get this?* unsubscribe from this list update subscription preferences
CeProSARD · Str 1550 nr 8a · Skopje 1000 · Macedonia